# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Службен гласник на Општина Велес | Број 7 Година LIX |
| --- | --- |
| Излегива по потреба | 07 април 2023 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Број 385**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Одлуката за измена на проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/1
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год), а во врска со член 34 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес на 33. седница,одржана на 05.04.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**

За **2023** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 3.703.167 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.703.167** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 1.676.242 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 916.096 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 231.746 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 879.083 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.703.167** | **0** |

Бр. 25-1834/5
06.04.2023г.
В е л е с

Претседател на Советот на Општината
**Зоран Љутков**

**Број 386**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „ Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион “ во последниот квартал за 2023 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион “ во последниот квартал за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/2
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа „ Службен весник на РМ “ бр.5/02 ) и и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06,3/09,18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во врска со Одлука за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство , негово идно работење и начинот на финансирање на Центар за развој на ВПР бр.02-28/3 од 27.01.2023 година, по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион“ во последниот квартал за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува тримесечен оперативен трошок кој општина Велес ќе го исплаќа квартално за функционирање на „ Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион “ за периодот, октомври, ноември и декември 2023 година.

**Член 2**

Средствата кои Општина Велес ќе ги исплаќа за намената од член 1 на оваа одлука се утврдуваат согласно бројот на жителни односно врз основа на Модел за управување и организациона поставеност на прифатилишта на регионално ниво бр.08-19/3 од 17.01.2023 година донесен од страна на Центарот за развој на Вардарски плански регион.

Општина Велес ќе исплаќа годишен надомест во висина од **2.096.025,00** денари кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кои ќе се вршат квартално на секои три месеци.

Општина Велес за месеците октомври, ноември и декември 2023 година ќе исплати надомест во висина од **524.007,00** денари за намената од член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

За променливите оперативни трошоци согласно Моделот за управување и организациона поставеност на прифатилишта на регионално ниво бр.08-19/3 од 17.01.2023 година ( содржани во табела: Структура на променливи оперативни трошоци ), Јавното претпријатие ќе доставува фактура по заловено куче до општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/6
06.03.2023 година
В е л е с

Претседател
Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 387**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/3
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/7
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/22), во дел „6. БУЏЕТ", во табелата

Во реден број 7, во колоната „Активност", по зборовите „Проект финансиран преку програмата РомАктед 2" запирката се брише и се додаваат зборовите „за Реконструкција на пристапна патека на улица „Јордан Џунов" (Акција 1) и мерки за закрепнување по КОВИД при реконструкција на јавната канализациона мрежа на улица „Јордан Џунов" (Акција 2) во Општина Велес".

Во реден број 7, во колоната „Надворешни фондови МКД" износот „0.00" се заменува со износот „915.000,00".

Во реден број 7, во колоната „Вкупно МКД" износот „10,000.00" се заменува со износот „925.000,00".

Во редот „Вкупно", во колоната „Надворешни фондови МКД" износот „65,162,492" се заменува со износот „66.077.492,00".

Во редот „Вкупно", во колоната „Вкупно МКД" износот „84,471,454" се заменува со износот „85.386.454,00".

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1834/7
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 388**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање донација на проектна документација од Друштво за проектирање, архитектура и дизајн АРХИТЕКТУРА НОВА ДООЕЛ ВЕЛЕС**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на проектна документација од Друштво за проектирање, архитектура и дизајн АРХИТЕКТУРА НОВА ДООЕЛ ВЕЛЕС, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/4
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација на проектна документација од Друштво за проектирање, архитектура и дизајн АРХИТЕКТУРА НОВА ДООЕЛ ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес прифаќа донацијата на проектна документација од дававелот на донацијата Друштво за проектирање, архитектура и дизајн АРХИТЕКТУРА НОВА, ДООЕЛ ВЕЛЕС.

Донацијата се состои од:

- Основен проект за реконструкција на фасадни и кровни површини на КП 4810, ул. „8-ми септември“, Општина Велес.

Донацијата е со вредност од 132.000,00 денари со вклучен ДДВ .

**Член 2**

За донацијата на проектната документација ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател на донацијата и Друштво за проектирање, архитектура и дизајн АРХИТЕКТУРА НОВА ДООЕЛ ВЕЛЕС како давател на донација, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

По склучување на договорот за донација, Општина Велес како инвеститор ќе ја употреби проектната документација согласно Законот за градење, во информацискиот систем Е-одобрение за градење, за добивање на решение за реконструкција.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/8
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 389**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните програми**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните програми, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/5
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните програми**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните програми.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/9
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно Одлуката за утврдување постапка за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во Годишните програми („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/23)

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС КОИ СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ВО ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите и критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес (во понатамошниот текст, средствата) кои се определени во Годишните Програми.

**Член 2**

Барателите преку својата апликација или барање се должни да дадат детален опис за потребата од финансиски средства.
Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Велес имаат:

- Поединци, здруженија, и спортски клубови кои вршат афирмација и претставување на општината во земјата и странство со учество и пласмани во натпреварувања од областа на спортот, културата и друго.
- Поединци, здруженија и спортски клубови кои организираат манифестации,
турнири, натпревари и настани кои се одржуваат на територијата на Општина Велес.
- Поединци, здруженија и спортски клубови за поддршка на проектни активности од јавен интерес за општината.

**Член 3**

Максимален износ што може да добие поединец, здружение на граѓани или спортски клуб е 300.000,00 денари.

По исклучок на став 1 за барањата/апликациите што се однесуваат на настан/манифестација/ натпревар/ турнир предвидени во рамките на Годишната програма од соодветната област, максималниот износ што можат да го добијат овие баратели не смее да ја надминува вредноста на предвидените средства утврдени во Годишната програма од соодветната област.

Средствата ќе се доделуваат сè до нивно исцрпување од Годишната програма во соодветната област.

**Член 4**

Потребни документи за барателите-поединци:

- Барање/апликација за доделување финансиски средства
- Доказ дека се жители на Општина Велес
- Доказ за активна трансакциска сметка
- Детален опис за потребата од финансиски средства и областа која е предмет на поднесеното барање, период и локација на реализација / одржување
- Лична биографија (со точно наведени лични податоци за барателот и контакт информации), со прилог копии од признанија од постигнати резултати од учества на домашни и/или меѓународни првенства, натпревари, турнири и/или

друг вид на учество, но и постери, промотивни видеа, интернет објави од вести, како и друг вид на печатен и/или електронски запис.

**Член 5**

Потребни документи за Здруженија на граѓани и спортски клубови:

- Барање/апликација за доделување на финансиски средства,
- Решение за упис во централен регистар со кое се докажува дека Здружението на граѓани/ спортскиот клуб е регистриран на територијата на Општина Велес,
- Копија од активна трансакциска сметка на Здружението на граѓани/ спортскиот клуб,
- Портфолио на Здружението на граѓани/спортскиот клуб, во кое јасно ќе се гледа неговиот придонес и работа во сферата во која делува со прилог копии од признанија од постигнати резултати од учества на домашни или меѓународни првенства, натпревари, турнири или друг вид на учество, но и постери, промотивни видеа, интернет објави од вести, како и друг вид на печатен или електронски запис.
- Детален опис за потребата од финансиски средства и областа која е предмет на поднесеното барање/апликација, период и локација на реализација/ одржување.

**Член 6**

Барањето со целокупната документација утврдена во член 4 и член 5 во овој Правилник се поднесува по пошта, по електронски пат или лично во архивата на Општина Велес, на ул. „Панко Брашнар”, бр. 1, 1400 Велес, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Велес врши исплата на средствата преку донесување на Решение за исплата, само доколку се почитува следното:

- ✓ За износ до 50.000,00 (педесет илјади) денари, барањето/апликацијата да го/ја разгледаат административните службеници од Одделението за соодветната област. Административните службеници констатираат дали барањето е соодветно на планираните активности и содржини и дали истите се вклопуваат во програмските содржини на Годишната програма која ја има општината и е во согласност со планираните средства во истата.

  Доколку се утврди дека барањето/апликацијата е основано/а и оправдано/а, му предлага на Градоначалникот да ги исплати бараните средства со барање за исплата. Доколку барањето/апликацијата не се уважи барателот ќе биде известен по пошта или по електронски пат.

- ✓ За износ над 50.000,00 (педесет илјади) до 300.000,00 (триста илјади) денари, барањето/апликацијата го/ја разгледува петчлена комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес, во состав од 3 (три) члена од редот на општинската администрација и 2 (два) члена од Советот на Општина Велес.

**Член 8**

При доделување средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари за да се утврди оправданоста на поднесеното барање/ апликација потребно е да бидат исполнети најмалку два од следниве општи критериуми:

- соодветност на барањето со областа на делување и расположливите буџетски средства
- за учество на натпревар/ првенство најнизок ранг да биде државно првенство или натпревар
- настанот/манифестацијата/ натпреварот/турнирот да е од јавен интерес за општината
- настанот/манифестацијата/ натпреварот/ турнирот да ја афирмира и промовира општината
- да придонесат за побогат, поквалитетен и разновиден јавен живот на ниво на општината.

**Член 9**

За доделување средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари ќе се применуваат следните критериуми за оценување:

| Барање/апликација | Бодови |
|---|---|
| **I. Барање/апликација** | **25** |
| За манифестации/турнири/натпревари и настани детално разработени активности во барањето/апликацијата согласно правилникот или за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот, културата и друго детално да е прикажан рангот на настанот. | 15 |
| Искуство на барателот во реализирање на манифестации/турнири/ натпревари и настани од областа на спортот, културата и друго или за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот културата и друго досегашно учество на ваков тип настани. | 10 |
| **II. Буџет** | **25** |
| Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на манифестацијата/турнирот/натпреварот/ настанот или образложение за намената на средствата за учество и пласмани во натпреварувањата од областа на спортот, културата и друго. | 10 |
| Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции). | 10 |
| Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **III. Квалитет на програмата за манифестациите/турнирите/ натпреварите и настаните или квалитетот на натпреварот/првенството** | **50** |
| Се применуваат општите критериуми од овој Правилник.<br>Белешка: 20 бода (многу добро) може да се доделат само доколку барањето/апликацијата се однесува на најмалку 3 (три) од критериумите. | 20 |
| Посетеност(масовност) на манифестациите/турнирите/ натпреварите и настаните. | 15 |
| Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 10 |
| Обезбедена институционална поддршка (писмо за поддршка од друго здружение или институција, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на манифестации/турнири/ натпревари и настани или натпревари и првенства | 5 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

Барањето/апликацијата се уважува со минимум 60 бода. За да се добијат средства во масимален износ потребни се минимум 80 бода.

**Член 10**

За одобрување износ над 50.000,00 денари до 300.000,00 денари Комисијата за разгледување барања/апликации за доделување финансиски средства од Годишните програми (во понатамошниот текст Комисијата) врз основа на доставената документација се состанува (со физичко присуство или онлајн) и ги разгледува барањата/апликациите.

Со Комисијата раководи претседателот, а за нејзината работа се води записник.

Доколку поднесителот на барањето/апликацијата ја нема доставено комплетната документација согласно член 4 и 5 од овој правилник, Комисијата има право да го контактира подносителот со цел доставување на потребните документи (по пошта, електронски пат или лично во архивата на Општина Велес). Подносителот на барањето е должен во рок од 3 дена од добивање на известувањето за дополнување на документација да ја достави бараната документација. Доколку подносителот на барањето/апликацијата не ги достави потребните документи барањето ќе се одбие.

Во рок од 3 (дена) по разгледувањето-дополнувањето на барањето/апликацијата, Комисијата доставува до Градоначалникот мислење со предлог за одобрување на средства или мислење со предлог за одбивање на барањето/ апликацијата со наведено образложение.

**Член 11**

Врз основа на доставеното Мислење со предлог за одобрување доставено од Комисијата, Градоначалникот донесува Решение за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес.

Во рок од три (3) дена од донесеното Решение за доделување финансиска средства од страна на Градоначалникот, Одделението за финансиски прашања изготвува Решение за исплата на финансики средства, по претходно добиено Барање за исплата на финансиски средства од страна на Одделението за соодветната област.

За барањата/апликациите што не ги исполнуваат критериумите од овој правилник Комисијата доставува известување до барателите.

**Член 12**

Корисникот на финансиските средства во износ над 50.000,00 до 300.000,00 денари е должен во рок од 1(еден) месец по завршување на манифестацијата/ турнирот/натпреварот и настанот или учеството на натпревар и првенство до Советот на Општина Велес да достави наративен и финансиски извештај за реализација на финансиските средства добиени од Буџетот на Општина Велес.

Наративниот извештај треба да биде поткрепен со фотодокументација, а финансискиот извештај со копии од сметки, фактури и изводи од банка.

Доколку корисникот на средствата не поднесе наративен и финансиски извештај за реализација на финансиските средства или доколку истиот не биде усвоен од Советот на Општина Велес, следната година нема право да користи финансиски средства од Буџетот на Општина Велес.

**Член 13**

Овој Правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1834/9
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 390**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/6
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2023 година**

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/10
06.04.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Број 391**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (пожар)**

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес (пожар), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/7
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.22/22),

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 05.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година (пожар)**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2023 година во висина од 35 000,оо денари, на име еднократна парична помош на Васко Здравкин за настанат пожар во семеен стан.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2023 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 25-1834/11
06.03.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 392**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на Комисија за избор на добитник на актерската награда за животно дело „Петре Прличко“**

Се објавува Решението за именување членови на Комисија за избор на добитник на актерската награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/8
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.3/06, 11/15 и 03/23),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

1. За членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ се именуваат:

- Игор Џамбазов, претставник на Општина Велес
- Талија Настова,претставник на Општина Велес и
- д-р Деан Дамјановски, претставник на НУЦК театар „Јордан Хаџи Константинов- Џинот“, Велес

2. Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.
3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/12
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 393**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за не донесување Решение за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на план за вработување на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за не донесување Решение за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на план за вработување на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/9
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување Решение за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на план за вработување на Општина Велес за 2023 година**

1.Советот на Општина Велес не го донесе Решението за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на план за вработување на Општина Велес за 2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1834/13
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 394**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работењето и резултати по завршна сметка во 2022 година на ЈКП ,,Дервен” Велес**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај за работењето и резултати по завршна сметка во 2022 година на ЈКП ,,Дервен” Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/10
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за работењето и резултати по завршна сметка во 2022 година на ЈКП ,,Дервен" Велес**

1.Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работењето и резултати по завршна сметка во 2022 година на ЈКП ,,Дервен" Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1834/14
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 395**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализацја на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2022 година на ЈКП „Дервен" Велес**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2022 година на ЈКП „Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/11
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2022 година на ЈКП ,,Дервен" Велес**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2022 година на ЈКП ,,Дервен" Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1834/15
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 396**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2022 година на ЈКП „Дервен” Велес**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2022 година на ЈКП „Дервен” Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/12
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2022 година на ЈКП ,,Дервен” Велес**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2022 година на ЈКП ,,Дервен” Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1834/16
06.04.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 397**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на одлука за отпис и расходовање на основни средства на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес**

Се објавува Решение за давање согласност на одлука за отпис и расходовање на основни средства на ОЈУДГ „Димче Мирчев” Велес што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05.04.2023 година.

Број 08-1852/13
07.04.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 13/09, 18/10 и 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства на ОЈУД Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес**

